Врз основа на член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/20), член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 38 став 1 точка 1 и точка 42 и член 76-в став 4 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 16.05.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за верификација на мандатите на членовите во Локален младински совет на Општина Гевгелија

### Член 1

Се верифицираат мандатите на следните членови во Локален младински совет:

- Кристијан Алчинов – Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Благица Ступар – ЗГ „Од станица до граница“- Гевгелија;
- Анастасија Шопова – Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија;
- Ангел Аевски – Социјалдемократска младина на СДСМ ОО Гевгелија;
- Валентина Ангелова – Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ОК- Гевгелија.

### Член 2

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, трае 2 (две) години од денот на нивната верификација, со право на уште еден избор.

### Член 3

Членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија од своите редови ќе изберат претседател и заменик-претседател на нивната прва седница, по верификацијата на нивните мандати.

### Член 4

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

### Член 5

Со ова решение, престанува да важи Решението за верификација на мандатите на членовите во Локален младински совет на Општина Гевгелија бр. 2031/1 од 30.09.2022 година и Решението за верификација на мандат на член во Локален младински совет на Општина Гевгелија бр. 09-1076/1 од 29.06.2023 година.

бр. 09-787/1
16.05.2025 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија

**Ѓорге Попов**

с.р.